Согласно член 28 од Колективниот договор за основното образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/95, 41/05, 36/06 и 51/06) и Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за основното образование склучен на ден 30 јануари, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК), преставуван од претседателот Дојчин Цветаноски и Министерството за образование и наука, преставувано од министерот Перо Стојановски, како потписници на Колективниот договор, на ден 30 јануари 2009 година склучија

# С П О Г О Д Б А

1.Најниската плата за најнискиот степен на сложеност за вработените во основните училишта изнесува 10.587,00 денари.

2.Износот на најниската плата за најнискиот степен на сложеност од став 1 на оваа Спогодба ќе се применува со исплатата за месец јануари 2009 година и натаму.

3.Основната плата на работникот пресметана согласно Колективниот договор не може да биде пониска од 12.958,00 денари.

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
Претседател,
Дојчин Цветаноски

Министерство за образование и наука на Република Македонија
Министер,
Перо Стојановски